## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 116/10 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ НА ДОБИТОК И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА МЕШАНО СЕМЕ ОД ИСТ ВИД НА ДОБИТОК

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на добиток и начинот на употреба на мешано семе од ист вид на добиток.

### Член 2

Мешано семе од ист вид на добиток може да се употребува само од видот свињи. Мешано семе од ист вид на добиток се употребува доколку:

- е произведено во одобрена институција која ги исполнува критериумите во однос на приплодниот добиток, просторот, кадрите и опремата за производство и чување на семе согласно Правилникот за подеталните критериуми во однос на приплодниот добиток, просторот, кадрите и опремата за производство и чување на семе од добиток;

- е добиено од најмногу десет донори (машки приплодни грла);

- е добиено од свежи еакулати кој не се длабоко-смрзнати;

- ги исполнува критериумите за квалитет и здравствена исправност на мешаното семе согласно Правилникот за критериумите под кои се употребува и пушта во промет семе од добиток и Правилникот за ветеринарно-здравствени услови за ставање во промет на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, начинот на водење евиденција, условите во поглед на кадарот, просториите, опремата и инструментите, начинот и условите за одобрување на тимовите за ембриотрансфер, официјалните контроли на семе за вештачко осеменување, јајце клетките и ембрионите (*1);

- да е придружено со соодветна зоотехничка потврда согласно Правилникот за формата и содржината на зоотехничките документи како и начинот на пополнување на обрасците за издавање на зоотехничките документи (*2 ) и

- е наменето за производство на мелези за гоење и принос на месо.

**Член 3**

Свежо мешано семе од видот свињи се транспортира во пакување заштитено од надворешната темепратура и сончеви УВ зраци на температура од 170С±10С.

Пакувањето на мешаното семе се спроведува во спермални тубички или спермални ќесички.

Мешаното семе од видот свињи се аплицира на женски приплодни грла кои се во полен жар (еструс) со помош на соодветни катетери на начин согласно општо прифатените зоотехнички методи: класично вештачко осеменување со обичен катетер и длабоко пост-цервикално осеменување со катетер за пост-цервикално осеменување.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08- 2655/3 | Министер за земјоделство, |
| 5 март 2015 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р Михаил Цветков, с.р. |

*1 Правилникот за ветеринарно-здравствени услови за ставање во промет на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, начинот на водење евиденција, условите во поглед на кадарот, просториите, опремата и инструментите, начинот и условите за одобрување на

тимовите за ембриотрансфер, официјалните контроли на семе за вештачко осеменување, јајце клетките и ембрионите се усогласува со: Директивата на Советот 88/407ЕЕЗ од 14 јуни 1988 за утврдување на здраствените барања за животни применливи во трговијата во Заедницата и за увоз на длабоко замрзнато семе од домашни животни од видот говедо, со CELEX број 31988L0407, изменета и дополнета со Директивата 90/120/ЕЕЗ на советот од 5 март 1990, со CELEX број 31990L0120; Директивата 90/425/ЕЕЗ на Советот од 26 јуни 1990, со CELEX број 31990L0425, Директивата 93/60/ЕЕЗ на Советот од 30 јуни 1993, со CELEX број 31993L0060, Директивата 2003/43/ЕЗ на Советот од 26 мај 2003, со CELEX број 32003L0043, Регулативата (ЕЗ) бр. 806/2003, со CELEX број 32003R0806, Одлуката на Комисијата од 6 јануари 2004, со CELEX број 32004D0101, Одлуката на Комисијата од 5 јануари 2006, со CELEX број 32006D0016, Одлуката на Комисијата од 7 февруари 2008, со CELEX број 32008D0120, Директивата 2008/73/ЕЗ на Советот од 15 јули 2008 со CELEX број 32008L0073; Директивата на Советот од 25 септември 1989 за условите за здравјето на животните применливи во трговијата во Заедницата и за увоз од трети земји на ембриони од домашни животни од видот говедо, со CELEX број 31989L0556, изменета и дополнета со Директивата 90/425/ЕЕЗ на Советот од 26 јуни 1990, со CELEX број 31990L0425, Директивата 93/52/ЕЕЗ на Советот од 24 јуни 1993, со CELEX број 31993L0052, Одлуката на Комисијата 94/113/ЕЗ од 8 февруари 1994, со CELEX број 31994D0113, Регулативата (ЕЗ) бр. 806/2003 на Советот од 14 Април 2003, со CELEX број 32003R0806, Одлуката на Советот 2006/60/ЕЗ од 2 февруари 2006, со CELEX број 32006D0060, Директивата 2008/73/ЕЗ на Советот од 15 јули 2008, со CELEX број 32008L0073; Директивата на Советот од 26 јуни 1990 за утврдување на условите за здравјето на животните применливи во внатрешната трговија во рамките на заедницата и за увоз на семе од домашни животни од видот свињи, со CELEX број 31990L0429, изменета и дополнета со: Одлуката на Советот 1999/608/ЕЗ од 10 септември 1999, со CELEX број 31999D0608, Одлуката на Комисијата 2000/39/ЕЗ од 16 декември 2000, со CELEX број 32000D0039, Регулативата (ЕЗ) број 806/2003 на Советот од 14 април 2003, со CELEX број

32003R0806, Директивата 2008/73/ЕЗ на Советот од 15 јули 2008, со CELEX број 32008L0073; Директивата 92/65/ЕЕЗ на Советот од 13 јули 1992 за утврдување на здраствените барања кои ја регулираат трговијата и увозот на животни, семе, јајце клетки и ембриони во Заедницата кои не се предмет на барањата за здравјето на животните утврдени со посебни правила на Заедницата од Анекс А (I) од Директивата 90/425?ЕЕЗ, со CELEX број 31992L0065, изменета и дополнета со: Одлуката на Комисијата 95/176/ЕЗ од 6 април 1995, со CELEX број 31995D0176, Одлуката на Комисијата 2001/298/ЕЗ од 30 март 2001, со CELEX број 32001D0298, Регулативата (ЕЗ) бр. 1282/2002 на Комисијата од 15 јули 2002, со CELEX број 32002R1282, Регулативата (ЕЗ) бр. 998/2003 на Европскиот Парламент и на Советот од 26 мај 2003, со CELEX број 32003R0998, Регулативата (ЕЗ) бр 1398/2003 на Советот од 5 август 2003, со CELEX број 32003R1398, Директивата 2004/68/ЕЗ на Советот од 26 април 2004, со CELEX број 32004L0068, 32007D0265, Одлуката на Комисијата од 26 април 2007, со CELEX број 2007/265/ЕЗ, Директивата 2008/73/ЕЗ на Советот од 15 јули 2008, со CELEX број 32008L0073, Одлуката на Комисијата 270/2010 од мај 2010, со CELEX број 32010D0270, Одлуката на Комисијата 2010/684/ЕУ од 10 ноември 2010, со CELEX број 32010D0684, Регулативата (ЕУ) бр.

176/2010 на Комисијата од 2 март 2010 со CELEX број 32010R0176; Директивата на Советот од 26 јуни 1990 за утврдување на условите за здравјето на животните применливи во внатрешната трговија во рамките на Заедницата и за увоз на семе на домашни животни од видот свиња, со CELEX број 31990L0429 изменета и дополнета со: Одлуката на Советот 1999/608/ЕЗ од 10 септември 1999, со CELEX број 31999D0608, Одлуката на Комисијата 2000/39/ЕЗ од 16 декември 1999, со CELEX број 32000D0039, Регулативата (ЕУ) бр 806/2003 на Советот од 14 април 2003, со CELEX број 32003R0806 и Директивата 2008/73/ЕЗ на Советот од 15 јули 2008, со CELEX број 32008L0073.

*2 Правилникот за формата и содржината на зоотехничките документи како и начинот на пополнување на обрасците за издавање на зоотехничките документи се усогласува со: Одлуката на Комисијата од 17 мај 2005 година за потврди за педигре и податоци за одгледување на чистокрвни животни за приплод од видот говеда, нивно семе од мажјаци, нивни јајце клетки и ембриони со CELEX број 32005D0379; Одлуката на Комисијата од 10 мај 1990 година за утврдување на зоотехничките потврди за чистокрвни расплодни овци и кози, нивно семе, јајца и ембриони со CELEX број 31990D0258; Одлуката на Комисијата од 18 јули 1989 годиназа утврдување на потврдата за чистокрвни приплодни свињи, нивно семе, јајца и ембриони со CELEX број 31989D0503 и Одлуката на Комисијата од 18 јули 1989 година за утврдување на потврдата за хибридни приплодни свињи, нивно семе, јајца и ембриони со CELEX број 31989D0506.